РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 02.06.2020 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 110162 и 111720 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот **Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје** со адреса Плоштад Пресвета Богородица бр.1 во Скопје, по барање на корисникот.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 110162 и 111720 на корисникот на радиофреквенции Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса Плоштад Пресвета Богородица бр.1 во Скопје.

Корисникот на радиофреквенции Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје достави барање од 02.06.2020 година за отповикување на одобрение за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 110162 и 111720.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: УП1 бр.0802-319
Скопје, 08.06.2020

Изработил: Зоран Билбиловски

Раководител на сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- архива